**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25-1179/2
07.03.2011 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08), член 62 став (2) и од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08), постапувајќи по барањето на Друштвото за промет и услуги АМД Ѓ.Н. ДОО увоз-извоз Битола, бр.25-1179/1 од 07.02.2011 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ на правното лице за технички преглед** Друштвото за промет и услуги АМД Ѓ.Н. ДОО увоз-извоз Битола со локација на: ул.Арон Ароести бб. нас. Стрелиште, **за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за група на категорија L, M, N и O,** согласно член 24 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата,

## Образложение

Друштвото за промет и услуги АМД Ѓ.Н. ДОО увоз-извоз Битола, до Министерството за економија поднесе барање бр.25-1179/1 од 07.02.2011 година за овластување за правно лице за технички преглед за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за група на категорија L, M, N и O, согласно член 24 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10, 105/10 и 13/11). Кон барањето се поднесени следните документи согласно членовите 16, 17 и 18 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата: Решение за овластување на правното лице Друштво за промет и услуги АМД Ѓ.Н. ДОО увоз-извоз Битола, да врши технички преглед на возила бр.19.11.1-36138/3 од 16.07.2010 година издадено од Министерство за внатрешни работи – Сектор за управно-надзорни работи од Скопје; Изјава за деловен простор и опрема бр.03/12 од 03.02.2011 година; копии од обрасците М1/М2 за: дипл. маш. инг. Трајковски Зоран со Потврда за положен стручен испит бр.25-6874/2, дипл. маш. инг. Алушовски Сашо со Потврда за положен стручен испит бр.25-6875/2, сообраќаен инг. Костовски Јован со Потврда за положен стручен испит бр.25-6876/2 и машински техничар Зоран Талевски со Потврда за положен стручен испит бр.25-6873/2; доказ за склучен договор за осигурување - Полиса бр.6000000003010 од 26.05.2010 година; и Внатрешни процедури за обезбедување на квалитет во постапките на работа.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила и Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 62 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/2010 и 145/2010) во износ од 2.050,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** : незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

*МИНИСТЕР,*
***Фатмир Бесими***